# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА
# ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО БРОЈ 5

СОДРЖИНА


| Ред. број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1 | Одлука за учество на Општина Зелениково по јавен оглас за финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со средства од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика | 3 |
| 2 | Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на линиска инфраструктура | 5 |
| 3 | Одлука за одобрување на финансиски средства за превоз на децата од градинка | 6 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за учество на Општина Зелениково по јавен оглас за финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со средства од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика

Се објавува Одлуката за учество на Општина Зелениково по јавен оглас за финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со средства од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика, донесена на 49 – та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 27.03.2024 година.

**Број 08-49/22**
**Датум 29.03.2024 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 05/02), Советот на Општина Зелениково, на 49 – та седница одржана на ден 27.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за учество на Општина Зелениково по јавен оглас за финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со средства од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува учество на Општина Зелениково по јавниот оглас за финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со средства од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Зелениково во име на Општина Зелениково да поднесе апликација (барање) по јавниот оглас за финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца

од предучилишна возраст со средства од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-181/1** **Совет на Општина Зелениково**
**Датум 27.03.2024  година** **Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ'' број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на линиска инфраструктура

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на линиска инфраструктура, донесена на 49 – та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 27.03.2024 година.

**Број 08-49/23** **Градоначалник**
**Датум 29.03.2024 година** **на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 22 став 1, член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), а во врска со член 59 став 13 од Законот за градење (Службен весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16 и 71/16) и член 4 став 6 од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Службен весник на РМ бр.193/16), Советот на Општина Зелениково, на 49 – та седница одржана на ден 27.03.2024 година, ја донесе следнава:

## О Д Л У К А
**за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на линиска инфраструктура**

**Член 1**

Со оваа одлука **ЕВН Македонија АД СКОПЈЕ се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Линиска инфраструктурна градба – Новопланиран СН10(20)kV кабелски подземен вод од кабелска спојница 1 до кабелска спојница 2, КО Страхојадица, Општина Зелениково**, согласно проектна документација Основен проект (фаза електрика) со технички број Е-39/24-о изработен од ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ ОХРИД.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-180/1**
**Датум 27.03.2024 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за превоз на децата од градинка, донесена на 49 – та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 27.03.2024 година.

**Број 08-49/24**
**Датум 29.03.2024 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 05/02), Советот на Општина Зелениково, на 49 – та седница одржана на ден 27.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**

**Член 1**

Се одобруваат финансиски средства за превоз на децата од градинката ЈДГ “8 – Март” – објект Зеленика.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот да обезбеди превоз од градинката ЈДГ “8 – Март” – објект Зеленика - Зелениково до градинката во Драчево и обратно за околу 30 деца кои ќе присуствуваат на претстава на ден 03.04.2024 година.

**Член 3**

Финансиските средства се предвидени и обезбедени во Буџетот на Општина Зелениково за 2024 година, програма А0 – Совет на општина, потставка 421440 – Транспорт на луѓе. Исплатата на одобрениот износ ќе се изврши по доставена фактура од страна на превозникот

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-182/1**
**Датум 27.03.2024 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**